ГРАД СКОПЈЕ - QYTETI I SHKUPIT
Бр. Nr. 08-1070/11
22. 08. 2022
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 50 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 123 став (1) и член 126 став (1) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и 89/22), решавајќи по барањето за добивање на Б-интегрирана еколошка дозвола бр.17-5510/1 од 24.06.2020 година на Друштво за производство, градежништво, промет и услуги БЕРОВИЌ БЕТОН ДОО увоз-извоз с.Батинци, со седиште на ул.8 бр.38 Батинци, Студеничани, Градоначалникот на Град Скопје донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

1. **СЕ ИЗДАВА** Б-интегрирана еколошка дозвола за инсталацијата **Друштво за производство, градежништво, промет и услуги БЕРОВИЌ БЕТОН ДОО увоз-извоз с.Батинци**, со седиште на ул.8 бр.38 Батинци, Студеничани.
2. **Се задолжува Друштво за производство, градежништво, промет и услуги БЕРОВИЌ БЕТОН ДОО увоз-извоз с.Батинци** да постапува во согласност со условите и обврските дефинирани во оваа дозвола.
3. Б-интегрираната еколошка дозвола ќе се објави во дневен печат, во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на издавањето, на сметка на барателот.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Друштвото за производство, градежништво, промет и услуги БЕРОВИЌ БЕТОН ДОО увоз-извоз с.Батинци (понатаму: барател), до Градоначалникот на Град Скопје поднесе барање за добивање на Б-интегрирана еколошка дозвола бр.17-5510/1 на ден 24.06.2020 година (понатаму: барање).

Барателот врши дејност: Индустрија на минерали-Стационарни бетонски бази со проектиран капацитет на силосите за бетон од 40 m3/h (320 m3/ден), која согласно член 122 од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и 89/22) и Уредбата за определување на активностите на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошка дозвола односно дозвола за усогласување со оперативен план и временски распоред за поднесување на барање за дозвола за усогласување со оперативен план („Службен весник на Република Македонија“ бр.89/05), задолжително подлежи на добивање на Б-интегрирана еколошка дозвола.

По разгледувањето на барањето, Градоначалникот на Град Скопје како надлежен орган за издавање на Б-интегрирана еколошка дозвола согласно член 123 став (1) од Законот за животната средина (понатаму: надлежен

орган), изготви пресметка и достави Налог за плаќање на надоместок при поднесување на барање за добивање на Б-интегрирана еколошка дозвола до Операторот бр.17-5510/2 од 20.07.2020 година и истиот го достави и до Сектор за финансиски прашања на Град Скопје со допис бр.17-5510/3 од 29.07.2020 година. Износот на надоместокот беше пресметан согласно Уредбата за висината на надоместокот кој треба да го плаќаат операторите на инсталациите кои вршат активности за Б-интегрирана еколошка дозвола („Службен весник на Република Македонија" бр.117/07, 64/10 и 186/16). Барателот изврши уплата на надоместокот при поднесување на барање за добивање на Б-интегрирана еколошка дозвола на ден 18.08.2020 година и електронски достави доказ за извршената уплата.

По разгледување на барањето, надлежниот орган утврди дека истото не е изготвено согласно пропишаната форма и содржина во Правилникот за постапката за добивање на Б-интегрирана еколошка дозвола („Службен весник на Република Македонија“ бр.112/14 и 42/16), а во врска со член 124 од Законот за животната средина, по што побара дополнување на барањето со Заклучок бр.08-5510/4 од 28.09.2020 година.

Барателот со допис бр.17-5510/5 од 05.11.2020 година поднесе барање за пролонгирање на рокот за достава на документите за 30 работни денови, поради изработка на документација потребна за добивање на дозвола за испуштање на отпадна вода во реципиент Маркова река и друга документација. Во врска со барањето бр.17-5510/5 од 05.11.2020 година, се одобри поднесеното барање за пролонгирање на рокот за достава на документите за 30 работни денови со известување бр.17-5510/6 од 24.11.2020 година.

Барателот со допис бр.17-4704/97 од 12.01.2021 година повторно побара пролонгирање на рокот за достава на податоците за дополнување на барањето, додека дозволата за дозволата за испуштање на отпадна вода во реципиент Маркова река сеуште е во процедура за издавање.

Согласно член 126 став (8) од Законот за животната средина, кога покрај Б-интегрираната еколошка дозвола за инсталацијата се потребни добивање на други дозволи поврзани со користење и експлоатација на природни богатства или дозволи за испуштања во животната средина, органот надлежен за издавање на Б-интегрираната дозвола нема да ја издаде дозволата доколку инвеститорот не ги обезбеди потребните дозволи, по што условите и мерките утврдени во другите дозволи соодветно се вградуваат во Б-интегрираната еколошка дозвола.

Согласно член 95 став (1) од Законот за општата управна постапка, ако јавниот орган што ја води постапката наиде на прашање чие решавање е предуслов за да се одлучи за самата работа, а истото претставува независно правно прашање за чие решавање е надлежен суд или некој друг јавен орган (во натамошниот текст: претходно прашање), јавниот орган што ја води управната постапка ја прекинува постапката додека не се реши претходното прашање и за тоа ја известува странката. Согласно став (2) од истиот член, кога постапката по претходното прашање треба да се поведе на барање на странката, известувањето за прекинот на постапката исто така содржи и упатство за ова барање.

Согласно член 1 став (2) од Законот за животната средина, на постапките утврдени со овој закон се применува Законот за општата управна постапка доколку со овој закон поинаку не е определено.

Имајќи го предвид погореизнесеното, надлежниот орган донесе Заклучок бр.08-5510/8 од 26.01.2021 година за прекин на постапката за издавање на Б-интегрирана еколошка дозвола на барателот се до прибавување на дозвола за испуштање на отпадна технолошка вода во рецепиент Маркова река од страна на Министерство за животна средина и просторно планирање, а согласно Законот за водите и по прибавувањето на истата веднаш да достави копија од дозволата до Градоначалникот на Град Скопје како надлежен орган за издавање на Б-интегрирана еколошка дозвола, со цел продолжување на постапката за издавање на Б-интегрирана еколошка дозвола.

Барателот достави дополнување на барањето за добивање на Б-интегрирана еколошка дозвола бр.17-5510/9 од 19.03.2021 година.

На 17.11.2021 година е извршен увид во инсталацијата од страна на овластено службено лице за вршење увид од Секторот за заштита на животната средина согласно член 2 став (7) од Правилникот за постапката за добивање на Б-интегрирана еколошка дозвола („Службен весник на Република Македонија“ бр.112/14 и 42/16), при што е изготвен Записник за констатација од извршениот увид бр.17-5510/10 од 17.11.2021 година.

Надлежниот орган по разгледување на дополнувањето на барањето и извршениот увид во инсталацијата на барателот, со Заклучок бр.08/17-5510/11 од 07.12.2021 година побара дополнителни податоци од барателот.

Барателот достави одговор по Заклучок бр.17-1070/1 од 31.01.2022 година и бр.17-1070/2 од 14.04.2022 година со кој го дополни барањето.

Надлежниот орган по разгледување на поднесеното барање и дополнувања утврди дека истото е изготвено согласно пропишаната форма и содржина во Правилникот за  постапката за добивање на Б-интегрирана еколошка дозвола („Службен весник на Република Македонија“ бр.112/14 и 42/16), а во врска со член 124 од Законот.

Надлежниот орган на ден 20.04.2022 година, со допис бр.17-1070/3 го достави комплетното барање до општина Кисела Вода, а со цел доставување мислење и забелешки по однос на барањето.

Комплетното барање се објави во дневен печат и на веб страната на Град Скопје на 20.04.2022 година, а согласно член 122 став (4) и член 99 од Законот за животната средина. Барателот со допис бр.17-1070/4 од 21.04.2022 година достави во оригинал огласи за објава на барањето во дневен печат Нова Македонија и Коха на 20.04.2022 година.

По истекување на законскиот рок од објавата на барањето во дневен печат и на веб страната на Град Скопје, надлежниот орган на 13.07.2022 година изготви Нацрт дозвола со бр.08-1070/5.

Надлежниот орган ја достави изготвената Нацрт дозвола до барателот, во електронска форма на 13.07.2022 година со допис бр.17-1070/6. Надлежниот орган ја објави Нацрт дозволата на 13.07.2022 година во дневен печат, на сметка на барателот и на веб страната на Град Скопје, согласно член 122 став (4) и 107 став (13) од Законот за животната средина, а со цел консултирање на јавноста. По Нацрт дозволата не се добија никакви забелешки ниту во законскиот рок од 14 дена од објавата, ниту по истекување на законскиот рок. Барателот со допис бр.17-1070/7 од 14.07.2022 година достави во оригинал огласи за објава на Нацрт дозволата во дневен печат Нова Македонија и Коха на 13.07.2022 година.

Барателот достави корегирана програма за подобрување како дополнување на барањето за добивање на Б-интегрирана еколошка дозвола бр.17-1070/8 од 09.08.2022 година.

На 10.08.2022 година е извршен увид на инсталацијата од страна на овластено службено лице за вршење увид од Секторот за заштита на животната средина на Град Скопје и овластено службено лице од Сектор Инспекторат на Град Скопје согласно член 9 од Правилникот за постапката за добивање на Б-интегрирана еколошка дозвола, при што изготвен е Записник за извршен увид бр.17-1070/9 од 10.08..2022 година со кој е констатирано дека се исполнети условите за издавање на Б-интегрирана еколошка дозвола.

Надлежниот орган врз основа на целосното барање, по завршувањето на целокупната постапка и согласно надлежностите кои произлегуваат од член 123 став (1) и член 126 став (1) од Законот за животната средина, утврди дека барателот ги исполнува условите за добивање на Б-интегрирана еколошка дозвола.

Б-интегрираната еколошка дозвола ќе се објави на веб страната на Град Скопје и во два дневни весници достапни на целата територија на Република Северна Македонија во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на издавањето, при што објавата во дневниот весник е на трошок на барателот, а согласно член 113 и член 122 став(4) од Законот за животната средина.

Врз основа на горенаведеното надлежниот орган одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА**: Согласно член 126 став (2) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и 89/22), против ова решение може да се поднесе жалба во писмена форма до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен, во рок од 15 дена од денот на донесување на решението.

Решено во Град Скопје, Градоначалник на Град Скопје, на 18.08.2022 година, под број 08-1070/11.

**Изготвил:**
Советник за издавање на Б-интегрирани еколошки дозволи
Робертина Деловска

**Контролирал:**
Раководител на Одделение
Петар Ѓорѓиоски

**Одобрил:**
Раководител на Сектор
Соња Цветковиќ Чолакова

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАД СКОПЈЕ - СКОПЈЕ *REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT QYTETI I SHKUPIT - SHKUP*

**Градоначалник на Град Скопје**

**Данела Арсовска**

Доставено до:

- Архива на Град Скопје
- Беровиќ Бетон ДОО увоз-извоз с.Батинци
- Сектор инспекторат на Град Скопје
- Општина Кисела Вода
- Министерство за животна средина и просторно планирање